РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРОБИШТИП
10.01.2023
24-23/1

**До: Општина Пробиштип**
**(имател на информацијата)**

**наш арх.бр. 10-06/1 од 09.01.2023**

**Б А Р А Њ Е**
**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: **Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска, ул. Никола Тримпаре бр.12/1-12, Скопје, тел: (071) 245 384; e-mail: zdruzenska@t.mk**;
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
**Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска, Марија Савовска, извршна директорка, ул. Никола Тримпаре бр.12/1-12, Скопје Тел: (02) 3 215 660; e-mail: zdruzenska@t.mk**
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. **Дали општината организирала избори за месна самоуправа во текот на 2022? Доколку се организирани ве молиме во прилог да ја доставите одлуката за распишување на изборите за месна самоуправа.**
2. **На кој начин е обезбедена јавно достапна информација за времето и местото на одржување на изборите за месна самоуправа во 2022? Ве молиме во прилог да го доставите повикот за избори на МС.**
3. **Во колку МЗ и УЗ се организирани собири на граѓани за избор на претседатели и членови на совет на МС?**
4. **Колкав е вкупниот бројот на граѓани кои биле присутни на собирите на граѓани за избор на претседатели и членови на совет на МС? Ве молиме податоците разделете ги по пол.**
5. **Колкав е вкупниот број на избрани претседатели на МЗ и УЗ? Ве молиме податоците разделете ги по пол.**
6. **Колкав е вкупниот број на избрани членови во советите на МС? Ве молиме податоците разделете ги по пол.**
7. **Кога последен пат е распишан повик за избор за месна самоуправа на територија на вашата општина, доколку не се организирани избори за МС во 2022?**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 09.01.2023 година** ______

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-23/2
24.01 2023 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот **Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска ул.„Никола Тримпаре“ бр.12/1-12, Скопје** поднесено на ден **10.01.2023 година**, имателот на информацијата **Општина Пробиштип** го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од **Здружение за унапредување на родовата еднаквост Здруженска ул.„Никола Тримпаре“ бр.12/1-12**, Скопје наш бр.24-23/1 од 10.01.2023 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:

1. **Дали општината организирала избори за месна самоуправа во текот на 2022? Доколку се организирани ве молиме во прилог да ја доставите одлуката за распишување на изборите за месна самоуправа.**
2. **На кој начин е обезбедена јавно достапна информација за времето и местото на одржување на изборите за месна самоуправа во 2022? Ве молиме во прилог да го доставите повикот за избори на МС.**
3. **Во колку МЗ и УЗ се организирани собири на граѓани за избор на претседатели и членови на совет на МС?**
4. **Колкав е вкупниот бројот на граѓани кои биле присутни на собирите на граѓани за избор на претседатели и членови на совет на МС? Ве молиме податоците разделете ги по пол.**
5. **Колкав е вкупниот број на избрани претседатели на МЗ и УЗ? Ве молиме податоците разделете ги по пол.**
6. **Колкав е вкупниот број на избрани членови во советите на МС? Ве молиме податоците разделете ги по пол.**
7. **Кога последен пат е распишан повик за избор за месна самоуправа на територија на вашата општина, доколку не се организирани избори за МС во 2022?**

Се УВАЖУВА

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од барателот **Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска, ул. Никола Тримпаре бр.12/1-12, Скопје** имателот на информацијата **Општина Пробиштип**

Ви ја доставуваме информацијата:

1. Општина Пробиштип во текот на 2022 година организираше избори за месна самоуправа за што Советот на општина Пробиштип има донесено Одлука за распишување на избори во Месните самоуправи од општина Пробиштип бр.26-848/5 од 30.08.2022 година и Градоначалникот на општина

Пробиштип има донесено Одлука за распишување на избори во Месните самоуправи од општина Пробиштип бр.08-908/1 од 16.09.2022 година.

2. Информација за времето и местото на одржување на изборите за месна самоуправа во 2022 е обезбедена преку: телефонски јавувања, средба во конференциската сала, преку медиумите „ТВ Протел" и „Еко Радио" Пробиштип и преку социјалнната мрежа „Фејсуб";
3. Во 2022 година организирани се собири на граѓани за избор на претседатели и членови на совет на МС во следните УЗ: Калниште и МЗ: Злетово, Пишица и Лесново;
4. Во МЗ Злетово присутни биле 41 граѓанин на собирите на граѓани за избор на претседатели и членови на совет на МС, во МЗ Лесново присутни биле 14 граѓани, во МЗ Пишица присутни биле 10 граѓани и во УЗ Калниште присутно биле 14 граѓани;
5. Вкупниот број на Претседатели кои се избрани од одржаните избори се 4 Претседатели и сите се од машки пол;
6. Во Советот на МЗ Злетово избрани се 5 члена, во Советот на МЗ Лесново избрани се 7 члена, во МЗ Пишица избрани се 3 члена за Советот и во УЗ Калниште избрани се 5 члена;
7. Последен пат општина Пробиштип има распишано избори за месна самоуправа во 2018 година.

**Во Прилог:** Одлука за распишување на избори во Месните самоуправи од општина Пробиштип бр.26-848/5 од 30.08.2022 година донесена од Советот на општина Пробиштип;

-Одлука за распишување на избори во Месните самоуправи од општина Пробиштип бр.08-908/1 од 16.09.2022 година донесена од Градоначалникот на општина Пробиштип;

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Пробиштип на 24.01.2023 година, под бр.24-23/2**

По овластување на Градоначалникот на Општина Пробиштип
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Анкица Ѓеновска-Советник за правни работи и јавни набавки

Јованка Данева-Раководител на одделение за правни и општи работи

Градоначалник на општина Пробиштип
Драган Анастасов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-23/3
24.01 2023 год.

ПРОПРАТНО ПИСМО ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ОДГОВОР ПО БАРАЊЕ

Датум: **24.01.2023 година**
**ДО: Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска, ул. Никола Тримпаре бр.12/1-12, Скопје**

ПРЕДМЕТ: Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации **Општина Пробиштип**

ВРСКА: 24-23/1 од 10.01.2023 година

Почитувани,
Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог ви се доставува Решение по бараната информација.

Со почит,
Анкица Ѓеновска, службено лице